Република Северна Македонија
Јавна установа за деца Општинска детска градинка Фемо Кулаков
Бр. 0401-679
09.11 2023 год.
Неготино

Врз основа на член 121 став 2 алинеа 3, и член 143 став 17 од Законот за заштита на децата (Сл.весник на РМ 23/13,12/14,44/14,144/14,10/25,25/15,250/15,192/15,27/16,163/17,21/18,196/18, и Сл.весник на РСМ број 104/19,146/19,275/19311/20,294/21,150/22,236/22),член 10 став 1 и 2 од Колективниот договор за јавните установи за деца во дејноста згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст и во дејноста одмор и рекреација на децата(Сл.весник на РСМ број 220/2022) ,в.в Решение на Државна Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен РО.број 0904-200 од 13.09 2023 година,В.д Директорот на ЈУОДГ,,Фемо Кулаков,,Неготино на ден 09.11 2023 година ја донесе следната

# ОДЛУКА

## За избор на 1 (еден ) кандидат за работно место Воспитувач-приправник на неопределено време

По спроведена постапка за селекција врз основа на Јавен оглас за вработување на 1(еден) кандидат за работно место Воспитувач-приптавник на неопределено време, објавен на ден 07.07 2023 година во дневни весници,,Слободен печат,, и ,,Лајме,, се избира следниот кандидат

**ДОБРИНОВА ВЕСНА ,ЕМБГ 2903999488002 ,ул,,Киро Арсов,,број 38, с.Ваташа Кавадарци**

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На јавниот оглас за вработување на 1(еден) кандидат за работно место Воспитувач приправник на неопределено време,објавен на ден 07.07 2023 година во дневните весници,,Слободен печат,, и ,,Лајме,, се пријавија три кандидати,Весна Добринова од Кавадарци,Марија Гут Бошкова Данова од Неготино и Костадинка Наумова од Кавадарци.Комисијата за селекција при ЈУОДГ,,Фемо Кулаков,,Неготино со пријавените кандидати спроведе постапка за административна селекција.Комисијата при вршење на проверката на внесените податоци во пријавата и приложените докази, утврди дека сите пријавени кандидати ги имаат сите потребни докази,односно сите документи за докажување на општите и посебните услови утврдени во јавниот оглас,по што спроведе постапка за проверка на способноста на кандидатите преку спроведување интервју.В.д Директорот донесе првостепена Одлука за избор на кандидат со архивски број 0401-479 од ден 25.07 2023 година ,која одлука со Решение РО.број 0904-200 од 13.09 2023 година на Државна Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен е поништена, и предметот е вратен на повторно одлучување пред првостепениот орган.

При повторното постапување, согласно насоките содржани во Решението на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен,Комисијата за селекција изврши само административна селекција.Комисијата за селекција не спроведе проверка на способноста/интервју, и состави ранг листа без редни броеви и без предлог за прворангиран кандидат од причина што утврди дека сите пријавени кандидати , имаат поднесено уредна и навремена пријава, и според прилозите и доказите кои ги имаат поднесено

сите пријавени кандидати согласно спроведената административна селекција ги исполнуваат како општите така и посебните услови од Јавниот оглас за вработување.

Со оглед на тоа, а врз основа на насоките содржани во Решението РО.број 0904-200 од 13.09 2023 година донесено од Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, како и согласно Записникот од одржана седница на Комисија за селекција број 0205-676 од 08.11 2023 година,и дадениот предлог од страна на Комисијата за селекција број 0401-678 од 08.11 2023 година,В.д Директорот го искористи своето дискреционо право на избор и донесе Одлука за избор на кандидатот Весна Добринова од Кавадарци.

Поради горе наведеното се одлучи како во диспозитивот на одлуката.

**ПРАВНА ПОУКА** Против оваа одлука незадоволните кандидати имаат право на Жалба во рок од 8(осум) дена од денот на приемот до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен

09.11 2023 Неготино

ЈУОДГ,,Фемо Кулаков,,неготино

В.д Директор

Нада Најдова

______________